Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 230, 15 април 2019 година

април 2019 година
Штип

## С О Д Р Ж И Н А

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Механика на флуиди” од доц. д-р Сашко Димитров, Машински факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 3

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Збирка задачи по хидраулични машини и компоненти” од доц. д-р Сашко Димитров, Машински факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 5

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Стратегиски менаџмент во текстилната индустрија“ - практикум од д-р Елена Веселинова, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 6

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Стратегиски менаџмент во текстилната индустрија“ - скрипта од д-р Елена Веселинова, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 9

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски и специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ..... 12

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Уредник на издавачка продукција: проф. д-р Лилјана Колева Гудева
Главен и одговорен уредник: проф. д-р Блажо Боев
Уредници: доц. д-р Кирил Барбареев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов
Печати: Печатница „2- Август“ - Штип
**ISSN: 1857- 8497**

## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „МЕХАНИКА НА ФЛУИДИ” ОД ДОЦ. Д-Р САШКО ДИМИТРОВ, МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр.2202-53/10 од 20.3.2019 година донесена на редовна седница на Наставно-научниот совет на Машински факултет, одржана на 20.3.2019 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- д-р Симеон Симеонов, редовен професор, Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев” – Штип;
- д-р Зоран Димитровски, редовен професор, Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев” – Штип,

за изготвување на извештај на приложениот ракопис **„Механика на флуиди” од авторот доц. д-р Сашко Димитров,** наменет за студентите на прв циклус студии на Машински факултет на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Машински факултет го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Општи податоци за ракописот:** Насловот на учебникот е „Механика на флуиди”, а називот на предметот е Механика на флуиди, кој се слуша во V семестар, со неделен фонд на часови 3+2+2. Приложениот ракопис е во согласност со наставната програма и ја опфаќа наставната материја за студиската програма за којашто е наменет.

**Податоци за обемот на ракописот:** Ракописот е напишан на 316 страници, А4 формат, со 147 слики. Обемот на ракописот по содржина ги задоволува критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Во нашата земја е објавен ваков учебник од авторот Методија Мирчевски, со наслов „Механика на флуиди“, на Машински факултет на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје.

Приложениот ракопис „Механика на флуиди” од авторот доц. д-р Сашко Димитров е напишан според наставната програма на Машинскиот факултет при УГД – Штип.

**Краток опис на содржината:** Овој ракопис ги содржи следните поглавја: 1 - Вовед во механиката на флуиди, 2 - Статика на флуидите, 3 - Кинематика на струењата, 4 - Динамика на идеален флуид, 5 - Примери на стационарно струење на некомпресибилен флуид, 6 - Струење на вискозен флуид, 7 - Методи на применета механика на флуидите.

## ЗАКЛУЧОК

Ракописот го има потребниот образовно-стручен квалитет и истиот ќе послужи за стекнување на основните познавања за физичките својства на флуидите, условите за мирување на флуидите, условите за пливање на телата и струење на флуидите во цевководни системи. Ракописот, пред сè, е наменет за студентите, но и за вработените во работните организации кои ја обработуваат оваа проблематика.

Предложениот ракопис ги задоволува критериумите за објавување. Ракописот се категоризира како учебник - скрипта.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Д-р Симеон Симеонов, редовен професор, с.р.**
**Д-р Зоран Димитровски, редовен професор, с.р.**

## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „ЗБИРКА ЗАДАЧИ ПО ХИДРАУЛИЧНИ МАШИНИ И КОМПОНЕНТИ” ОД ДОЦ. Д-Р САШКО ДИМИТРОВ, МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр.2202-53/11 од 20.3.2019 година донесена на редовна седница на Наставно-научниот совет на Машински факултет, одржана на 20.3.2019 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- д-р Радомир Цветаноски, насловен вонреден професор, Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев” – Штип;
- д-р Симеон Симеонов, редовен професор, Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев” – Штип,

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис **„Збирка задачи по хидраулични машини и компоненти” од авторот доц. д-р Сашко Димитров**, наменет за студентите на прв циклус студии на Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Машински факултет го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Општи податоци за ракописот:** Насловот на учебното помагало е „Збирка задачи по хидраулични машини и компоненти”, а називот на предметот е Хидраулични машини и компоненти, што се слуша во VII семестар, со неделен фонд на часови 3+2+2. Приложениот ракопис е во согласност со наставната програма и ја опфаќа наставната материја за студиската програма за којашто е наменет.

**Податоци за обемот на ракописот:** Ракописот е напишан на 94 страници, формат А4, 57 слики, 9 дијаграми и 14 табели. Обемот по содржина ги задоволува критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Вакви учебни помагала во Република Северна Македонија до сега не се објавени. Овој ракопис е напишан според наставната програма по предметот Хидраулични машини и компоненти на Машински факултет при УГД - Штип.

**Краток опис на содржината:** Овој ракопис содржи 47 детално решени задачи од областа на хидраулични погонски системи.

## ЗАКЛУЧОК

Ракописот го има потребниот образовно-стручен квалитет и истиот ќе послужи за стекнување на основните познавања за пресметка и конструкција на хидраулични погонски системи, како и за вработени во работни организации кои ја обработуваат оваа проблематика.

Тој ги задоволува критериумите за објавување. Ракописот се категоризира како учебно помагало.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Д-р Радомир Цветаноски, насловен вонреден професор, с.р.**
**Д-р Симеон Симеонов, редовен професор, с.р.**

## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ „СТРАТЕГИСКИ МЕНАЏМЕНТ ВО ТЕКСТИЛНАТА ИНДУСТРИЈА“ - ПРАКТИКУМ ОД Д-Р ЕЛЕНА ВЕСЕЛИНОВА, ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, како и Одлука бр. 1202-44/20 од 166. редовна седница на Наставно-научниот совет на Економски факултет, одржана на 7.2.2019 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- д-р Трајко Мицески, редовен професор, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;
- д-р Тамара Јованов-Апасиева, доцент, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип,

за изготвување на извештај - рецензија на приложениот ракопис со наслов **„СТРАТЕГИСКИ МЕНАЏМЕНТ ВО ТЕКСТИЛНАТА ИНДУСТРИЈА“ – практикум од д-р Елена Веселинова**, наменет за студентите на прв циклус студии на Економски факултет на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Економски факултет го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Општи податоци за ракописот:** Учебното помагало „Стратегиски менаџмент во текстилната индустрија” - практикум од д-р Елена Веселинова претставува континуирана заложба на авторката да ја оформи потребната литература од областа на стратегискиот менаџмент за студентите кои се соочуваат со анализа на прашања од оваа современа проблематика. Практикумот е подготвен за потребите на студентите од студиските програми: Менаџмент и претприемништво, Маркетинг, Финансиски менаџмент и Бизнис економија на Економскиот факултет во Штип и таа ги содржи сите предвидени содржини што се опфатени во предметната програма за предметите: Стратегиски менаџмент и Бренд менаџмент во трета и четврта академска година (VI и VIII семестар, во зависност од насоката), со неделен фонд на часови 6 (3+2+1), односно 4 (2+1+1).

**Податоци за обемот на ракописот:** Проблематиката што е предмет на обработка е претставена во текст од вкупно 41 страница. Текстот во трудот е поткрепен со бројни примери и студии на случај. Трудот е пишуван во А4 формат, со нормален проред, употребен е фонд Arial, големина на буквите 11. Обемот на трудот и неговата содржина ги задоволуваат критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов**: Трудот е напишан на оригинален начин и во него е опфатена комплексноста на проблематиката од областа на стратегискиот бренд менаџмент. И покрај тоа што во нашата земја постои мал број и опфат на јавно презентирана литература од оваа област, сепак проблематиката разработена со оваа методологија и во овој обем е неопходна за студентите на Економскиот факултет, за студентите кои ги изучуваат сродните економски проблематики и други дисциплини. Може да се каже дека трудот претставува научен материјал со висок квалитет кој може да се примени за стекнување на широки знаења од доменот на актуелностите во стратегискиот менаџмент, за студентите, за ентитетите (деловните субјекти) кои тековно или потенцијално се ангажираат во процесот на градење и управување со брендот како едно од највредните средства на бизнисот. Во таа смисла, учебното помагало претставува едукативен пишан стручен труд кој обработува ваква проблематика кај нас, приспособен

на потребите за образование и едукација во областа на економските науки. Затоа сметаме дека овој практикум е особено значаен, како од теоретски, така и од практичен аспект за актуелните и идните професионалци кои се занимаваат со конкретната проблематика.

**Краток опис на содржината:** Од содржински аспект, во трудот се опфатени 18 тематски целини – вежби: Вежба 1 - Објаснете го местото и значењето на текстилната индустрија во националната економија, земајќи ги предвид учеството во БДП, извозот и вработеноста; Вежба 2 - Анализирајте ги ограничувањата во општото опкружување на текстилните претпријатија; Вежба 3 - Анализирајте ги елементите на структурна анализа на текстилната индустрија; Вежба 4 - Анализирајте ги влезните бариери и очекуваните реакции од постојните претпријатија во текстилната индустрија како два фактори кои влијаат на веројатноста за влез на нови конкуренти; Вежба 5 - Направете проценка на интензитетот на ривалство во текстилната индустрија кој е резултат на наведените структурни фактори со меѓусебно влијание; Вежба 6 - Анализирајте ги основните карактеристики кои ја зајакнуваат преговарачката позиција на снабдувачите; Вежба 7 - Анализирајте ги условите кои ја одредуваат преговарачката позиција на купувачите; Вежба 8 - Комплетирајте го концептот на анализа на конкурентот; Вежба 9 - Класифицирајте ги ресурсите и способностите на текстилните претпријатија според елементите на VRIO моделот; Вежба 10 - Формирајте го синџирот на вредности на текстилните претпријатија; Вежба 11 - Направете споредба помеѓу трошочните фактори и факторите на оригиналност кои имаат влијание врз синџирот на вредности; Вежба 12 - Наведете ги позитивните и негативните страни на аутсорсингот и стратегиските партнерства како стратегиски алтернативи за текстилните претпријатија; Вежба 13 - Наведете ги позитивните и негативните страни на водството во трошоци како стратегиска алтернатива за текстилните претпријатија; Вежба 14 - Наведете ги позитивните и негативните страни на стратегијата на диференцирање како стратегиска алтернатива за текстилните претпријатија; Вежба 15 - Наведете ги позитивните и негативните страни на одделните начини на диференцирање за текстилните претпријатија; Вежба 16 - Наведете ги позитивните и негативните страни на извозот како стратегиска алтернатива за текстилните претпријатија; Вежба 17 - Направете споредба помеѓу директниот и индиректниот извоз како стратегиска алтернатива за текстилните претпријатија и Вежба 18 - Анализирајте ги менаџерските аспекти на одлуката за извоз.

Пред да ги истакнеме нашите оценки за трудот, како и предлогот, најнапред во скратена форма ќе ја презентираме неговата содржина.

Во ***првиот дел*** од практикумот - *Анализа и оценување на екстерното окружување на текстилната индустрија* целта е да се направи анализа на текстилната индустрија на макро ниво, преку анализирање на учеството на текстилната индустрија во БДП, вкупниот извоз и увоз на РС Македонија и креирањето на вработеноста, на начин на кој се согледува нејзиното значење и важност за македонската економија. Следува систематска анализа на моменталната конкурентска позиција на текстилните претпријатија во РС Македонија преку модел за анализа на екстерните можности и ограничувања и интерните предности и слабости, за откривање на конкурентска предност и избор на соодветна стратегија за настап на домашниот и странските пазари. Потоа се систематизираат факти за екстерните можности и ограничувања на општото и посебно опкружување на текстилните претпријатија, преку структурната анализа на текстилната индустрија и анализата на конкурентите.

***Вториот дел*** на практикумот - *Анализа и оценување на интерното окружување на текстилните претпријатија* се состои од вежби кои вклучуваат стратегиска анализа на ресурсите и способностите на претпријатијата, кои претставуваат основа за утврдување на предностите и слабостите на претпријатијата и откривање на потенцијалната конкурентска предност врз чијашто основа ќе се гради стратегијата на текстилните претпријатија. Следува анализа на синџирот на вредности и одделните активности на текстилните претпријатија, со цел да се утврдат оние активности кои додаваат вредност во процесот на создавање на производот за крајниот потрошувач, а да се елиминираат оние активности кои се трошочни носители, но не придонесуваат во додавање на дополнителна вредност на финалниот производ. Преку детална анализа на синџирот на вредности и организациската структура на претпријатијата, во комбинација со анализа на трошочните фактори и факторите на

оригиналност (како основа за диференцирање), се согледуваат изворите на конкурентска предност на текстилните претпријатија.

Во ***третиот дел*** на практикумот - *Конкурентската предност и стратегијата на текстилните претпријатија* со информациската основа добиена во текот на истражувањето, преку конструираниот модел за создавање и одржување на конкурентска предност, вклучени се вежби за препознавање на потенцијалната стратегија на ниво на претпријатие, како алтернативен начин за идно профитабилно работење на текстилните претпријатија. Станува збор за избор и имплементација на стратегија на диференцирање, како најсоодветна стратегија за позицијата во која се наоѓаат и посакуваат, односно можат да бидат текстилните претпријатија во РС Македонија. Во овој дел се вметнати и вежби за анализирање на стратегиските партнерства и аутсорсингот како стратегиски алтернативи, со акцент на тековната доминантност на лон-системот и идните правци за развој на стратегиските партнерства. Материјалот опфатен во практикумот финализира со разработка на вежби за стратегијата на извоз, несомнено потврдена како најсоодветна стратегија за настап на странските пазари, земајќи ја предвид ограниченоста на македонскиот пазар (големината и куповната моќ на потрошувачите).

## ЗАКЛУЧОК

Практикумот „Стратегиски менаџмент во текстилната индустрија“ од д-р Елена Веселинова е систематски и логички подреден на современ начин и во 18 тематски целини се прикажани карактеристиките, значењето и актуелноста на стратегискиот менаџмент како важна научна дисциплина. Материјата е презентирана со јасен, студиозен, стручно-методолошки пристап и низ практични примери. Поради ваквиот стил и модел на презентираниот материјал студентите ќе можат без тешкотија да ја совладаат оваа материја. Трудот е поткрепен со бројни податоци и графички прикази како основа на анализите, истражувањата и констатациите по клучните прашања содржани во трудот. Тие, исто, така претставуваат аргументација и одговор на бројните прашања за улогата, значењето и перспективата на стратегискиот менаџмент како научна дисциплина.

Трудот заслужува внимание поради неговата актуелност и методолошки пристап во истражувањето, кој може да се оцени како интегрален, целисходен и исцрпен според широчината на опфатот на спроведените истражувања и информации. Сметаме дека овој труд ќе предизвика голем интерес кај нашата јавност, ќе им овозможи на студентите и од економските и сродни научни дисциплини да се стекнат со потребните знаења за оваа област, а ќе даде придонес и во научната и стручната јавност.

Од оваа причина, препорачуваме учебното помагало „Стратегиски менаџмент во текстилната индустрија” да биде објавено, категоризирано како рецензиран е-практикум.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Д-р Трајко Мицески, редовен професор, с.р.**
**Д-р Тамара Јованов-Апасиева, доцент, с.р.**

## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ „СТРАТЕГИСКИ МЕНАЏМЕНТ ВО ТЕКСТИЛНАТА ИНДУСТРИЈА“ - СКРИПТА ОД Д-Р ЕЛЕНА ВЕСЕЛИНОВА, ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, како и Одлука бр. 1202-44/19 од 166. редовна седница на Наставно-научниот совет на Економски факултет, одржана на 7.2.2019 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– д-р Трајко Мицески, редовен професор, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;
– д-р Тамара Јованов-Апасиева, доцент, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип,

за изготвување на извештај - рецензија на приложениот ракопис со наслов **„СТРАТЕГИСКИ МЕНАЏМЕНТ ВО ТЕКСТИЛНАТА ИНДУСТРИЈА“ – скрипта од д-р Елена Веселинова**, наменет за студентите на прв циклус студии на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Економски факултет го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Општи податоци за ракописот:** Учебното помагало „Стратегиски менаџмент во текстилната индустрија” - скрипта од д-р Елена Веселинова претставува континуирана заложба на авторот да ја оформи потребната литература од областа на стратегискиот менаџмент за студентите кои се соочуваат со анализа на прашања од оваа современа проблематика. Скриптата е подготвена за потребите на студентите од студиските програми: Менаџмент и претприемништво, Маркетинг менаџмент, Финансии и Бизнис економија на Економскиот факултет во Штип и таа ги содржи сите предвидени содржини што се опфатени во предметната програма за предметот Стратегиски менаџмент во трета и четврта академска година (V и VII семестар, во зависност од насоката), со неделен фонд на часови - 6 (2+2+2).

**Податоци за обем на ракописот:** Проблематиката што е предмет на обработка е претставена во текст од вкупно 136 страници. Текстот во трудот е поткрепен со бројни примери и студии на случај. Трудот е пишуван во А4 формат со нормален проред, употребен е фонд Arial, големина на буквите 11. Обемот на трудот и неговата содржина ги задоволуваат критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов**: Трудот е напишан на оригинален начин и во него е опфатена комплексноста на проблематиката од областа на стратегискиот менаџмент. И покрај тоа што во нашата земја постои мал број и опфат на јавно презентирана литература од оваа област, сепак проблематиката разработена со оваа методологија и во овој обем е неопходна за студентите на Економскиот факултет, за студентите кои ги изучуваат сродните економски проблематики и други дисциплини. Може да се каже дека трудот претставува научен материјал со висок квалитет, кој може да се примени за стекнување на широки знаења од доменот на актуелностите во стратегискиот менаџмент, за студентите, за ентитетите (деловните субјекти) кои тековно или потенцијално се ангажираат во процесот на создавање вредност, со фокус во текстилната индустрија, како една од најзначајните во македонската економија. Во таа смисла, учебното помагало претставува едукативен пишан стручен труд кој обработува ваква проблематика кај нас, приспособен на потребите

за образование и едукација во областа на економските науки. Затоа сметаме дека оваа скрипта е особено значајна, како од теоретски, така и од практичен аспект за актуелните и идните професионалци кои се занимаваат со конкретната проблематика.

**Краток опис на содржината:** Од содржински аспект, трудот опфаќа 3 тематски целини - глави: Анализа и оценување на екстерното опкружување на текстилната индустрија (Глава I); Анализа и оценување на интерното опкружување на текстилните претпријатија (Глава II); Конкурентската предност и стратегијата на текстилните претпријатија (Глава III).

Пред да ги истакнеме нашите оценки за трудот, како и предлогот, најнапред во скратена форма ќе ја презентираме неговата содржина.

***Првиот дел*** на скриптата - *Анализа и оценување на екстерното окружување на текстилната индустрија* започнува со кратка анализа на текстилната индустрија на макро ниво, преку анализирање на учеството на текстилната индустрија во БДП, вкупниот извоз и увоз на РС Македонија и креирањето на вработеноста, на начин на кој се согледува нејзиното значење и важност за македонската економија. Следува систематска анализа на моменталната конкурентска позиција на текстилните претпријатија во РС Македонија, преку модел за анализа на екстерните можности и ограничувања и интерните предности и слабости за откривање на конкурентска предност и избор на соодветна стратегија за настап на домашниот и на странските пазари. Во продолжение се презентирани согледаните факти за екстерните можности и ограничувања на општото и посебно опкружување на текстилните претпријатија, преку структурната анализа на текстилната индустрија и анализата на конкурентите.

***Вториот дел*** на скриптата - *Анализа и оценување на интерното окружување на текстилните претпријатија* се состои од стратегиска анализа на ресурсите и способностите на претпријатијата, кои претставуваат основа за утврдување на предностите и слабостите на претпријатијата и откривање на потенцијалната конкурентска предност врз чијашто основа ќе се гради стратегијата на текстилните претпријатија. Следува анализа на синџирот на вредности и одделните активности на текстилните претпријатија, со цел да се утврдат оние активности кои додаваат вредност во процесот на создавање на производот за крајниот потрошувач, а да се елиминираат оние активности кои се трошочни носители, но не придонесуваат во додавање на дополнителна вредност на финалниот производ. Преку детална анализа на синџирот на вредности и организациската структура на претпријатијата, во комбинација со анализа на трошочните фактори и факторите на оригиналност (како основа за диференцирање), се согледуваат изворите на конкурентска предност на текстилните претпријатија.

Во ***третиот дел*** на скриптата - *Конкурентската предност и стратегијата на текстилните претпријатија* со информациската основа добиена во текот на истражувањето, преку конструираниот модел за создавање и одржување на конкурентска предност, презентирана е потенцијалната стратегија на ниво на претпријатие, како алтернативен начин за идно профитабилно работење на текстилните претпријатија. Станува збор за избор и имплементација на стратегија на диференцирање, како најсоодветна стратегија за позицијата во која се наоѓаат и посакуваат, односно можат да бидат текстилните претпријатија во РС Македонија. Во оваа глава се анализирани стратегиските партнерства и аутсорсингот како стратегиски алтернативи, со акцент на тековната доминантност на лон-системот и идните правци за развој на стратегиските партнерства. Материјалот опфатен во скриптата финализира со разработка на стратегијата на извоз, несомнено потврдена како најоодветна стратегија за настап на странските пазари, земајќи ја предвид ограниченоста на македонскиот пазар (големината и куповната моќ на потрошувачите).

На крајот во учебното помагало се презентирани одредени заклучни согледувања за конкурентноста на текстилните претпријатија во РС Македонија и нивната сегашна и потенцијална позиција во потрагата по нови пазари, приходи и нормално, профит.

**ЗАКЛУЧОК**

Скриптата „Стратегиски менаџмент во текстилната индустрија“ од д-р Елена Веселинова е систематски и логички подредена на современ начин и во три глави (тематски целини) се прикажани карактеристиките, значењето и актуелноста на стратегискиот менаџмент како важна научна дисциплина, со фокус на текстилната индустрија. Материјата е презентирана со јасен, студиозен, стручно-методолошки пристап и низ бројни практични примери. Поради ваквиот стил и модел на презентираниот материјал студентите ќе можат без тешкотија да ја совладаат оваа материја. Трудот е поткрепен со бројни табеларни прегледи како основа на анализите, истражувањата и констатациите по клучните прашања содржани во трудот. Тие, исто така, претставуваат аргументација и одговор на бројните прашања за улогата, значењето и перспективата на стратегискиот менаџмент како научна дисциплина.

Трудот заслужува внимание поради неговата актуелност и методолошки пристап во истражувањето, што може да се оцени како интегрален, целисходен и исцрпен според широчината на опфатот на спроведените истражувања и информации. Сметаме дека овој труд ќе предизвика голем интерес кај нашата јавност, ќе им овозможи на студентите и од економските и сродните научни дисциплини да се стекнат со потребните знаења за оваа област, а ќе даде придонес и во научната и стручната јавност.

Од оваа причина, препорачуваме учебното помагало „Стратегиски менаџмент во текстилната индустрија” да биде објавено, категоризирано како рецензирана е-скрипта.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Д-р Трајко Мицески, редовен професор, с.р.**
**Д-р Тамара Јованов-Апасиева, доцент, с.р.**

**П Р Е Г Л Е Д**

**на наслови на теми за изработка на магистерски и специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Факултет за медицински науки** | | | | |
| 1 | Молекуларни, клеточни и биохемиски биомаркери како предиктори за цитотоксичност во организмот | 2002-41/21 од 23.1.2018 г. | Проф. д-р Невенка Величкова | Марина Натева |
| 2 | Значење на хепатални ензими како биомаркери при биомониторинг на животните навики кај пациенти со дислипидемија | 2002-41/30 од 23.1.2019 г. | Проф. д-р Невенка Величкова | Слаѓана Стојановска |
| 3 | Улога и задача на патронажната сестра и работа со трудница пред и после породување | 2002-41/31 од 23.1.2019 г. | Проф. д-р Гордана Панова | Катерина Крстевска |
| **Музичка академија** | | | | |
| 4 | Животот и делото на Сидни Беше | 1402-51/6 од 20.2.2019 г. | Проф. м-р Антонијо Китановски | Иво Солдатовиќ |
| **Правен факултет** | | | | |
| 5 | Насилство на спортски натпревари со посебен осврт на фудбалскиот хулиганизам | 1102-68/24 од 3.4.2019 г. | Проф. д-р Олга Кошевалиска | Андреј Митевски |